# Записник од 15-тата седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

# З А П И С Н И К

***Од 15-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 30.11.2018 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 08:00 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваа 14 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Александар Чамовски, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јованка Василевска Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански, отсутен беше Влатко Буровски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски, раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, Советникот за нормативно правни и имотно правни работи во Одделение за општи и правни работи, Емилија Ваканска и соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности, Биљана Каламадевска-како записничар.

За работата на Советот за оваа седница Претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 14-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Предлог О Д Л У К А За утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово;
3. Предлог О Д Л У К А за давање предлог на улици во градот Берово како дел од регионалниот пат R-1304 Берово – Виница и R-1310, Берово – Граничен премин "Клепало";
4. Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете;
5. Предлог О Д Л У К А за давање на користење без надомест на недвижна ствар -просторија во зграда на Општина Берово на ул. "Димитар Влахов" Берово;
6. Предлог О Д Л У К А за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово;
7. Предлог О Д Л У К А за отстапување на 150 (сто и педесет) пластични зелени канти за собирање на отпад на ЈПКР „Услуга" Берово;
8. Предлог О Д Л У К А за финансирање на партиципација за посета на јавна установа за предучилишна возраст за деца Роми, како поддршка на Проектот "Инклузија на децата Роми во јавните предучилишни установи, за месец декември 2018 година";
9. Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9462 КО Русиново - Драган Чамовски;
10. Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9456/1 КО Русиново - Драган Чамовски;
11. Предлог- ПРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија за 2019 година;

12. Предлог- ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички планови за 2019 година;
13. Предлог - ОДЛУКА за утврдување на приоритет за учество на јавен повик бр.08/2018 за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3;
14. Предлог - ОДЛУКА за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3;
15. Предлог – ОДЛУКА за кофинасирање на проект Зелена машина за зелена иднина;
16. Предлог- ОДЛУКА за користење и управување на специјализирана машина за метење за потребите на ЈПКР Услуга Берово ;
17. Предлог- ПРОГРАМА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година;
18. Предлог-ПРОГРАМА за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2019 година;
19. Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот;
20. Предлог-ПРОГРАМА за вклучување на Ромите согласно локалниот акционен план на Општина Берово за 2019 година;
21. Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2019 година;
22. Предлог-ПРОГРАМА за развој на спорт и спортско- рекреативни активности на Општина Берово за 2019 година;
23. Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2019 година;
24. Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2019 година;
25. Предлог ПРОГРАМА за други комунални услуги ,третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година;
26. Предлог – ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, во 2019 година;
27. Предлог -Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со оперативен план за сезона 2018/2019 година;
28. Предлог - Програма за заштита од штетно дејство на водите;
29. ПРОГРАМА - Ј7 За одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2019 година;
30. Предлог П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ ) За изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;
31. Предлог ПРОГРАМА - Ј3 За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2019 година;
32. Предлог П Р О Г Р А М А за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2019 година;
33. Предлог трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти ( 2019 год.);
34. Предлог П Р О Г Р А М А - Ј4 За одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Берово за 2019 година;
35. Предлог програма за чистење на наноси и свлечишта на локални патишта и улици на територијата на општина Берово за 2019 година;
36. Предлог Програма за работа на ТППЕ Берово за 2019 година;
37. Барања од институции и граѓани;

38. Советнички иницијативи и прашања.

На ова се надоврзува Градоначалникот, кој предлага Дневниот ред да се прошири за точка на дневен ред Предлог О Д Л У К А за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Берово во реализација на проектот „Подобрување на рекреативниот туризам во Источен плански регион" - Општина Берово;

Претседателот на Совет, предлага дневниот ред да се дополни со точка на дневен ред Предлог Одлука за давање на согласност на Одлука на Училишен одбор при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за преотстапување на дрва за огрев на Општина Берово.

Раководителот на одделение за комунални дејности Ванчо Димовски ги повлекува од дневен ред програмите Предлог трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти ( 2019 год.); Предлог П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ ) За изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година.

На ова се надоврзува Советникот Славица Фурнаџиска, која предлага како точка на дневен ред да се стави формирање на комисија за изготвување на програма за работа на Совет .

Претседателот на Совет Јован Матеничарски ги стави на гласање, предлозите за дополнување на дневниот ред и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** се усвоени предлозите за дополнување на дневен ред за работа на 15-тата седница на Совет на Општина Берово.

Потоа го стави на гласање целокупниот дневен ред со дополнувањата, при што за работа на 15 седница на Совет со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, усвоен е следниот:

**Д н е в е н р е д:**

1. Усвојување на Записник од 14-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Предлог О Д Л У К А За утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово;
3. Предлог О Д Л У К А за давање предлог на улици во градот Берово како дел од регионалниот пат R-1304 Берово – Виница и R-1310, Берово – Граничен премин "Клепало";
4. Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете;
5. Предлог О Д Л У К А за давање на користење без надомест на недвижна ствар -просторија во зграда на Општина Берово на ул. "Димитар Влахов" Берово;
6. Предлог О Д Л У К А за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово;
7. Предлог О Д Л У К А за отстапување на 150 (сто и педесет) пластични зелени канти за собирање на отпад на ЈПКР „Услуга" Берово;
8. Предлог О Д Л У К А за финансирање на партиципација за посета на јавна установа за предучилишна возраст за деца Роми, како поддршка на Проектот "Инклузија на децата Роми во јавните предучилишни установи, за месец декември 2018 година";
9. Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9462 КО Русиново - Драган Чамовски;
10. Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9456/1 КО Русиново - Драган Чамовски;

11. Предлог- ПРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија за 2019 година;
12. Предлог- ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички планови за 2019 година;
13. Предлог - ОДЛУКА за утврдување на приоритет за учество на јавен повик бр.08/2018 за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3;
14. Предлог - ОДЛУКА за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3;
15. Предлог – ОДЛУКА за кофинасирање на проект Зелена машина за зелена иднина;
16. Предлог- ОДЛУКА за користење и управување на специјализирана машина за метење за потребите на ЈПКР Услуга Берово ;
17. Предлог- ПРОГРАМА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година;
18. Предлог-ПРОГРАМА за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2019 година;
19. Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот;
20. Предлог-ПРОГРАМА за вклучување на Ромите согласно локалниот акционен план на Општина Берово за 2019 година;
21. Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2019 година;
22. Предлог-ПРОГРАМА за развој на спорт и спортско- рекреативни активности на Општина Берово за 2019 година;
23. Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2019 година;
24. Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2019 година;
25. Предлог ПРОГРАМА за други комунални услуги ,третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година;
26. Предлог – ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, во 2019 година;
27. Предлог -Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со оперативен план за сезона 2018/2019 година;
28. Предлог - Програма за заштита од штетно дејство на водите;
29. ПРОГРАМА - Ј7 За одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2019 година;
30.Предлог О Д Л У К А за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Берово во реализација на проектот „Подобрување на рекреативниот туризам во Источен плански регион” - Општина Берово;;
31. Предлог ПРОГРАМА - Ј3 За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2019 година;
32. Предлог П Р О Г Р А М А за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2019 година;
33. Предлог Одлука за давање на согласност на Одлука на Училишен одбор при ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово за преотстапување на дрва за огрев на Општина Берово;
34. Предлог П Р О Г Р А М А - Ј4 За одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Берово за 2019 година;

35. Предлог програма за чистење на наноси и свлечишта на локални патишта и улици на територијата на општина Берово за 2019 година;
36. Предлог Програма за работа на ТППЕ Берово за 2019 година;
37. Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма на Совет на Општина Берово за 2019 година;
38. Барања од институции и граѓани;
39. Советнички иницијативи и прашања.

***1. Усвојување на Записник од 14-та Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на совет Јован Матеничарски отвори расправа по точката на дневен ред и бидејќи никој не се јави за дискусија, Записникот беше ставен на гласање и со **14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоен Записникот од 14 –тата Седница на Совет на Општина Берово.

***2. Предлог О Д Л У К А За утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Точката ја појаснува Градоначалникот, кажувајќи дека е законска обврска оваа одлука да се донесува секоја година. Потоа е пријдено кон гласање и со **13 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, отсутна е Советничката Кржовска е усвоена *Предлог О Д Л У К А За утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.*

***3. Предлог О Д Л У К А за давање предлог на улици во градот Берово како дел од регионалниот пат R-1304 Берово – Виница и R-1310, Берово – Граничен премин "Клепало";***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка,и бидејќи никој не се јави за збор е пристапено кон гласање, при што со **14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог О Д Л У К А за давање предлог на улици во градот Берово како дел од регионалниот пат R-1304 Берово – Виница и R-1310, Берово – Граничен премин "Клепало".*

***4. Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка. Градоначалникот Пекевски појасни дека врз основа на донесената програма потребната изјава на нотар создава трошоци за корисниците на програмата а од МВР се издава потврда која е бесплатна и промената во програмата се однесува за тоа. Бидејќи никој не се јави за збор пристапено е кон гласање и **со 14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете*.

***5. Предлог О Д Л У К А за давање на користење без надомест на недвижна ствар - просторија во зграда на Општина Берово на ул. "Димитар Влахов" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, при што Градоначалникот појаснува дека одлуката се однесува за користење на просторија на старата зграда на УЈП каде што треба да дојде социјален работник кој ќе работи во делот на социјална заштита исклучиво во општинска надлежност. Предлог одлуката е ставена на гласање и со **со 14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог О Д Л У К А за давање на користење без надомест на недвижна ствар -просторија во зграда на Општина Берово на ул. "Димитар Влахов" Берово.*

***6. Предлог О Д Л У К А за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово;***

Претседателот отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, Градоначалникот појасни дека станува збор за парцела 874 КО Берово Зградата на кујната на поранешна Пелагонија за која што се планира да се отвори трет блок со дополнителен капацитет за корисници, при што додава дека се работи на внатрешно уредување на втората ламела. Бидејќи друг не се јави за збор **со 14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог О Д Л У К А за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово.*

***7. Предлог О Д Л У К А за отстапување на 150 (сто и педесет) пластични зелени канти за собирање на отпад на ЈПКР „Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, Градоначалникот објасни дека кантите се од ПАКОМАК и треба да се отстапат во надлежност на ЈПКР Услуга да ги доделат на населени места да може да се подобри јавната чистота. Бидејки никој не се јави за збор, Претседателот ја стави на гласање точката и **со 14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог О Д Л У К А за отстапување на 150 (сто и педесет) пластични зелени канти за собирање на отпад на ЈПКР „Услуга" Берово.*

***8. Предлог О Д Л У К А за финансирање на партиципација за посета на јавна установа за предучилишна возраст за деца Роми, како поддршка на Проектот "Инклузија на децата Роми во јавните предучилишни установи, за месец декември 2018 година";***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, Градоначалникот појасни дека станува збор за ромчиња за кои согласно програмата недостасуваат средства и треба да ги финансираме. За збор се јавува Советничката Славица Фурнаџиска која додава дека одлуката е поткрепена со барање од Сонце и РОМААКТЕД и барање од самата установа. Пристапено е со гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог О Д Л У К А за финансирање на партиципација за посета на јавна установа за предучилишна возраст за деца Роми, како поддршка на Проектот "Инклузија на децата Роми во јавните предучилишни установи, за месец декември 2018 година.*

***9. Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9462 КО Русиново - Драган Чамовски;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9462 КО Русиново - Драган Чамовски.*

***10. Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9456/1 КО Русиново - Драган Чамовски;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советникот Предраг Монев кој постави прашање во однос на точка 9. Пред неколку седници како што истакна тој иста таква предлог одлука имаше за Белчовски Иван и истата е отфрлена односно е гласано против па која е разликата сакам писмено да бидам информиран. На ова Претседателот на Совет истакнува дека тој може да си каже за неговиот глас за другите не може да каже. Пристапено е кон гласање и со**14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог- ОДЛУКА за Усогласување за легализација на објект на КП 9456/1 КО Русиново - Драган Чамовски*.

***11. Предлог- ПРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија за 2019 година;***

Претседателот на Совет Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, точката е ставена на гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог- ПРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија за 2019 година.*

***12. Предлог- ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички планови за 2019 година;***

Претседателот на Совет Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, точката е ставена на гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог- ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички планови за 2019 година*.

***13. Предлог - ОДЛУКА за утврдување на приоритет за учество на јавен повик бр.08/2018 за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог - ОДЛУКА за утврдување на приоритет за учество на јавен повик бр.08/2018 за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3*.

***14. Предлог - ОДЛУКА за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог - ОДЛУКА за давање согласност за намената на*

*инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 123, подмерка 123.3.*

***15. Предлог – ОДЛУКА за кофинасирање на проект Зелена машина за зелена иднина;***

` Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог – ОДЛУКА за кофинасирање на проект Зелена машина за зелена иднина*.

***16. Предлог- ОДЛУКА за користење и управување на специјализирана машина за метење за потребите на ЈПКР Услуга Берово ;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог- ОДЛУКА за користење и управување на специјализирана машина за метење за потребите на ЈПКР Услуга Берово*.

***17. Предлог- ПРОГРАМА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јавува Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека дека програмата е разгледана на комисијата за јавни дејности а Советничката Јованка Василевска Петрушева, истакнува дека е детално образложена на комисијата.На ова се надоврзува Советничката Даниела Кржовска која дава забелешки на програмата дека одредени мерки од ипард во програмат веќе не се важечки има нови мерки во програмата2014-2020 и во тој дел предлага да се корегира програмата. И друга промена да се корегира од одлуката да се стави точната сума на кофинансирањето. Заеднички е донесен заклучок дека е подобро да се врати програмата за доработка и да се даде за наредна седница. Изработувачот на програмата Ѓорѓи Пеовски ја повлекува програмата. На ова се надоврзува Советничката Даниела Кржовска која истакнува дека нема и за ЛАГ.
Точката е повлечена и после доработувањето ќе биде доставена за наредна Седница на Совет.

***18. Предлог-ПРОГРАМА за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева која истакнува дека буџетски само 32000 се за зградата на Општина Берово. Се надоврзува Советничката Славица Фурнаџиска која го истакнува предлогот од Комисијата до изготвувачот дека таа програма предвидува малце средства а во последно време се обраќа повеќе внимание. Општината реално нема пари, меѓутоа да се направи проект со кој ќе може да се аплицира и да добиеме проект за термофасади или панели а такви проекти се добиваат само врз основа на долгорочна стратегија појаснува таа.
Точката е дадена на гласање при што со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог-ПРОГРАМА за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2019 година.*

***19. Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија, планирани се повеќе работи да се направат и би требало да се реализираат во 2019 година. Комисијата нема подетални забелешки околу програмата. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот*.

***20. Предлог-ПРОГРАМА за вклучување на Ромите согласно локалниот акционен план на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија и нема посебни забелешки. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог-ПРОГРАМА за вклучување на Ромите согласно локалниот акционен план на Општина Берово за 2019 година*.

***21. Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2019 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева која истакна дека е разгледана програмата на комисија, календарски е опфатено рожден во с. Двориште предлага да се опфати и табеларно.Повикан е изработувачот на програмата Биљана Марковска која истакнува дека е испланирано во секое населено место да има одбележување на по еден ден. Истакнува дека во табелата е пропуштено с.Двориште. Предлогот да се стави во табела с. Двориште е ставен на гласање при што со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *предлогот за додавање на с. Двориште во табеларниот приказ*. За збор се јавува Советничката Емилија Пачемска која прашува што ќе се санира од спомен костурницата и дали има проект на што Марковска одговара дека е направена техничка спецификација и според неа се предвидени средства. Советникот Предраг Монев се јавува за збор и истакнува дека најголемиот христијански празник ВЕЛИГДЕН ќе го одбележиме со 10.000,00 денари што според него се малце дури помалку од Маршот на Петлец.На ова Марковска одговара дека може да се зголеми со 10 % од реализацијата од претходна година. Претседателот на Совет предлага да се стави и пресвета во с. Будинарци. Предлогот на Претседателот е ставен на гласање и со ***14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници*** е усвоен *предлогот на Претседателот*. Потоа е ставена на гласање целокупната програма со измените и дополнувањата и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог-ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2019 година*.

***22. Предлог-ПРОГРАМА за развој на спорт и спортско- рекреативни активности на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави советничката Јованка Василевска Петрушева, која кажува дека точката е разгледана на комисија, средствата се усогласувани по новиот закон и има само предлог од комисијата за наредна година средствата да се прикажуваат и табеларно за подобар увид. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог-*

*ПРОГРАМА за развој на спорт и спортско- рекреативни активности на Општина Берово за 2019 година.*

***23. Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави советничката Јованка Василевска Петрушева која истакна дека програмата е разгледувана на комисија за општествени дејности. За збор се јави советничката Славица Фурнаџиска која истакна дека е разгледана програмата и дека се испланирани најавените активности. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2019 година.*

***24. Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави советничката Славица Фурнаџиска која даде предлог да во точка број 1 да се стави Локални и регионални телевизии и да се додаде Печатење на општински весник. Предлогот на Советничката Славица Фурнаџиска е ставен на гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен предлогот за дополнување на програмата. Потоа е ставено на гласање целокупната прогрма со измените и дополнувањата и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог – ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2019 година.*

***25. Предлог ПРОГРАМА за други комунални услуги ,третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година;***

Претседателот на Совет Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка. Претседателот кажува дека е разгледана на комисија, средствата се зголемени. Се надоврзува Советникот во одделението за општи и правни работи Емилија Ваканска, која кажува дека во тек е изработка на повеќегодишен план за контрола на кучињата скитници. Советникот Предраг Монев прашува до каде е акцијата за чипирање на кучиња да се добие извештај од ветеринарната станица. Потоа е пристапено кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *ПРОГРАМАТА за други комунални услуги ,третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година.*

***26. Предлог – ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, во 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, во 2019 година.*

***27. Предлог -Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со оперативен план за сезона 2018/2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема**

**ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со оперативен план за сезона 2018/2019 година*.

***28. Предлог - Програма за заштита од штетно дејство на водите;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Програма за заштита од штетно дејство на водите.*

***29. ПРОГРАМА - Ј7 За одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *ПРОГРАМА - Ј7 За одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2019 година*.

***30.Предлог О Д Л У К А за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Берово во реализација на проектот „Подобрување на рекреативниот туризам во Источен плански регион" - Општина Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Берово во реализација на проектот „Подобрување на рекреативниот туризам во Источен плански регион" - Општина Берово*.

***31. Предлог ПРОГРАМА - Ј3 За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и истакна дека има промени за изградба на улично осветлување на абланица и беровско езеро.Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог ПРОГРАМА - Ј3 За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2019 година*.

***32. Предлог П Р О Г Р А М А за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, истакнато е дека е разгледана на комисија и пристепено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *П Р О Г Р А М А за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2019 година*.

***33. Предлог Одлука за давање на согласност на Одлука на Училишен одбор при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за преотстапување на дрва за огрев на Општина Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Одлука за давање на согласност на Одлука на Училишен одбор при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за преотстапување на дрва за огрев на Општина Берово.*

***34. Предлог П Р О Г Р А М А - Ј4 За одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог П Р О Г Р А М А - Ј4 За одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Берово за 2019 година.*

***35. Предлог програма за чистење на наноси и свлечишта на локални патишта и улици на територијата на општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог програма за чистење на наноси и свлечишта на локални патишта и улици на територијата на општина Берово за 2019 година*.

***36. Предлог Програма за работа на ТППЕ Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна дека на комисијата е констатирано дека се малку средства за горива и масла и е корегирано. Потоа е пристапено кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Програма за работа на ТППЕ Берово за 2019 година*.

***37. Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма на Совет на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, Советничката Славица Фурнаџиска даде предлог од Советничката група на СДСМ за Претседател го предлага Гоце Ружински и член Славица Фурнаџиска, Советникот Предраг Монев даде предлог од Советничката група на ВМРО ДПМНЕ член да биде Драган Мустачки.Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** за Комисија за изработка на Програма на Совет на Општина Берово се изберени следните членови:
-Гоце Ружински-претседател
-Славица Фурнаџиска- член
-Драган Мустачки- член

***38. Барања од институции и граѓани;***

- На барање од РОМААКТЕД за покривање на трошоци за посета на детска градинка на 6 деца, Советот донесе О Д Л У К А за финансирање на партиципација за посета на јавна установа за

предучилишна возраст за деца Роми, како поддршка на Проектот "Инклузија на децата Роми во јавните предучилишни установи, за месец декември 2018 година".

- На барање од Здружение на граѓани Академија ФК Малеш Вардар Берово, Советот донесе заклучок Здружението на граѓани Академија ФК Малеш Вардар Берово, да изготви Програма за активностите на здружението во 2019 година со која ќе аплицира на повиците за финансирање на спортски активности кои ги објавува Општина Берово, како би можело да бидат доделени финансиски средства за реализирање на активности на Здружението.
- На барање од ОЈУДГ „23 Август", Советот донесе О Д Л У К А за финансирање на партиципација за посета на јавна установа за предучилишна возраст за деца Роми, како поддршка на Проектот "Инклузија на децата Роми во јавните предучилишни установи, за месец декември 2018 година", која Ви ја доставуваме во прилог на ова Известување.
- На барање од Драги Тушевски с. Русиново –Берово, Советот донесе решение за доделување на средства во износ од 14.000,00 денари и предлог комисијата да се состане и да се дополни и измени правилникот за доделување на помош.

***39. Советнички иницијативи и прашања.***

Советничка иницијатива од Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ- Да се донесе одлука за признавање на одредени права на членовите на фамилиите вклучени во одбраната на државата да бидат ослободени од данок на имот и комунални трошоци**.**
Претседателот на Совет даде предлог да се констатира колку семејства се тоа и да видиме за колку средства се работи и да се побара од МВР податок за колку фамилии се работи.

Дневниот ред е исцрпан и седницата заврши во 10 :15 часот .

Бр.09-_____
_____ година
Берово

*Записничар,*
*Биљана Каламадевска*
_____
(*потпис)*

М.П.

*Претседател на Совет,*
*Јован Матеничарски*
_____
*(потпис)*